



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# НОВ ПОКРИВ ЗА СТАНБЕНА ЗГРАДА ВО КОЗЛЕ

Со поддршка на општина Карпош, станарите од петте влеза на станбената зграда на ул. Јуриј Гагарин бр. 54 ќе добијат нов покрив на својот колективен објект во должина од 877 м2. Досегашните дотраени салонитни азбестни табли ќе бидат заменети со висококвалитетен бел ребраст лим, кој ги задоволува современите градежни стандарди, што во моментов се применуваат ширум светот.
По тој повод, денеска, градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски одржа прес конференција, на која ги соопшти деталите за оваа градежна иницијатива која се спроведува на територијата на локалната самоуправа.

- Целта на оваа акција е во наредниве четири години да ги промениме сите азбестни покриви кај индивидуалните и колективните објекти кои се наоѓаат на нашата територија. Во таа насока, досега имаме доделено 19.600 м2 висококвалитетен бел ребраст лим. Инаку, за 2016/2017 година, за оваа намена се планирани 38.000.000 денари буџетски средства, од кои досега сме потрошиле околу 9.500.000 денари – објасни градоначалникот Јакимовски.

Првиот човек на Општината посочи дека за оваа инвестиција локалната самоуправа од својот буџет ќе издвои околу 528.000 денари, а изведувач на градежниот зафат е фирмата „Поди Трејд“.

- Ова е веќе осма зграда кај која се реконструира стариот покрив од средства кои ги обезбеди нашата Општина. Имено, ние ги покриваме трошоците за набавка на лимот, хоризонталните олуци, ветер-лајсните, слемето и опшивките околу оџаците и вентилациите. Граѓаните обезбедуваат средства за работна рака и го бираат изведувачот на градежните активности – додаде Јакимовски.









# НОВ АСФАЛТ ЗА УЛИЦАТА БАХАР МОИС

Градежната офанзива во Општина Карпош е во полн ек. Урбаната заедница „Владо Тасевски" доби уште една асфалтирана улица на нејзина територија. Коловозот на „Бахар Моис" денеска започна да се асфалтира и предвидено денес и да заврши. Градежните работи на оваа 260 метарска улица, која е во вредност од околу два милиона денари, ја работи фирмата Ескаватори МК. Во подготвителните работи, во изминатите градежни зафати кадешто беше поставена атмосферска и фекална канализација, се работеше на подигање на шахтите и сливниците. Освен улицата „Бахар Моис", во наредниот период на овој локалитет предвидено е да се реконструираат седум улици. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски подетално образложи за кои улици станува збор.

-Продолжуваме со реконструкција на улиците во Општина Карпош, овој пат во УЗ Владо Тасевски. Конкретно извршено е гребење како и замена на рабниците и тротоарите на улиците „Наум Евро" и „Бахар Моис". Продолжуваме со улиците „Римска", „Панче Пешев", „Анкарска" и „Њу Делхиска". Целата оваа реконструкција изнесува околу 20 милиони денари, а вкупно ќе се обноват седум улици. Треба да се има во предвид дека веќе извршивме реконструкција на улицата „Дрезденска" и е пробиена улицата „Борка Талевски" , а исто така извршена е реконстукција на улиците „Рампо Левката", „Ристо Равановски" и „Алжирска". Тоа значи дека за околу два месеца урбаната заедница „Владо Тасевски" комплетно ќе има реконструирани нови улици – истакна првиот човек на локалната самоуправа.

Оттука, во наредниот период механизацијата се сели во населбата Влае на повеќе улици и тоа „Ринхини", „Франц Прешерн" со сите краци, како и улиците „ Иван Цанкар" со нејзините краци. Со овој голем градежен зафат речиси сите улици во Влае 1 ќе бидат реконструирани.




MAN





# НОВИ ПОКРИВИ, ФАСАДИ И ЛИФТОВИ ВО КАРПОШ

Вкупно шест лифтови ќе бидат реконструирани, а два нови наскоро ќе се постават во колективни станбени згради на територијата на Општина Карпош. Еден лифт во колективниот станбен објект на ул . Никола Русински бр.4/2 ќе биде реконструиран, додека на ул. Драгиша Мишовиќ бр.4 ќе биде поставен нов. На ул. Ѓорче Петров Б1- Порта Влае, ќе бидат санирани два лифта, додека на бул. Партизански одреди бр.109 блез 1 ќе биде поставен нов лифт. Два лифта ќе бидат реконструирани на бул. Партизански одреди бр.145 , додека на бул. Партизански одреди бр.107 влез 2, ќе бидат одобрени финансиски средства за санирање и монтажа на лифт.

Овие одлуки, денеска, на шеесет и четвртата седница на Советот на локалната самоуправа, беа изгласани од советниците. Исто така беше изгласан Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година и годишната сметка на Буџетот на Општина Карпош за минатата година. По барање на советничката група на опозицијата, раководителката на секторот за финансиски прашања Мирјана Ѓоргиевска, детално ги образложи сите буџетски ставки на општината каса за минатата 2016 година. Во својата елаборација до советниците, Ѓоргиевска прецизно ги презентираше приходите и расходите на Општината, напоменувајќи дека Општината е во добра финансиска кондиција.

На оваа седница, советниците исто така ја изгласаа Одлуката за објавување на јавен повик за пријавување на сопственици на индивидуални и колективни станбени објекти за заменување на дотраени кровни покривачи од азбест цементни табли со ребраст пластифициран лим. Советниците дадоа ,, зелено светло" и за реконструкција на фасади на колективни станбени објекти. Советот денес ја одобри одлуката и за одделување на финансиски средства за заслужен граѓанин на Карпош.



# ВО КАРПОШ ЦВЕТА ДРУГАРСТВОТО

Под мотото „Цветови на другарството" денеска, во ООУ „Јан Амос Коменски" се одржа меѓуетничка мировната акција во која учествуваа основците од партнер училиштето „Хасан Приштина" од Општина Чаир. Инаку, „Коменски" е првото училиште во Општина Карпош кое се вклучи во мировната акција, која пак, е дел од проектот за Меѓусебна интеграција во образованието во рамките на процесот за интегрирано образование во училиштата.

По тој повод, учениците организираа работилница на која се изработуваа книги, сликовници и шарени марами, каде другарувајќи и запознавајќи се меѓусебно, спонтано организираа мировни игри. Заедничкиот проект ќе се одвива во три фази, во кои ќе бидат вклучени вкупно 30 ученици од второ до петто одделение од двете училишта, заедно со одговорните наставници.

На државно ниво, во оваа акција учествуваат осум училишта, од кои во четири, наставата се одвива на македонски, а во останатите четири, на албански јазик. Целта на проектот е преку организирани активности, основците да ги промовираат мултикултурализмот, човековите права, демократијата, социјалната праведност и еднаквост, а воедно да ги намалат стереотипите, предрасудите и дискриминацијата.





# МАЛИТЕ КАРПОШАНИ
# ЌЕ ЈА НЕГУВААТ ТРАДИЦИЈАТА И КУЛТУРАТА

Во детската градинката „Мајски цвет“ во населбата Тафталиџе 1, денеска, се одржа презентација на проектот „Нематеријалното културно наследство и децата”. Проектот кој е под покровителство на УНЕСКО се реализира во соработка со Националниот комитет на Интернационалниот совет за традиционална музика и е подржан од Министерството за култура на РМ.

Пред присутните гости, проектот го презентираа м-р Ивона Татарчева и д-р Велика Стојкова Серафимовска, по што се разви и меѓусебна конструктивна дискусија. На денешната презентација, со соодветни точки се претставија и децата од големите групи. Учесниците се согласија дека, преку различни програми и активности и понатаму треба да се поттикнуваат најмладите, да ја негуваат традицијата и културата.











# ЕНЕРГЕТСКИ ЕКСПЕРТИ НА ПОСЕТА КАЈ ЈАКИМОВСКИ

Општина Карпош, од 15 до 17 март, беше домаќин на стручни технички лица од Австрија по повод имплементацијата на енергетскиот проект „CoolHiting" кој пак, е дел од програмата „Хоризон 2020" и за кој локалната самоуправа се обврза да го реализира со своите партнери од МАНУ, во периодот од 2016 - 2020 година. При оваа работна посета се одржа работилница со фирмите партнери во проектот на тема „Продор на пазарот на мали модуларни системи за централно греење и ладење базирани на обновливи извори на енергија - CoolHeating".

Преку презентации на практичните искуства на компании од Австрија како GET, Herz, Thermaflex, Danfoss и Општината Карпош, целта на настанот беше да овозможи пренос на знаења и да развие конструктивна атмосфера за дискусија на состојбите и можностите за развој на мали системи за централно греење и ладење базирани на обновливи извори на енергија во Р. Македонија.

Во рамки на размената на знаења и искуства беше и посетата на објекти реализирани во Општина Карпош, насловени како „Примери за добра пракса" при што беа посетени топлинските потстаници со термални пумпи во ООУ „Вера Циривири Трена" и административните бараки во ООУ „Лазо Трповски". Посебен интерес, стручните лица пројавија за објектите кои подлежат на субвенционирање според правилникот на Општина Карпош. Во таа пригода беше посетен новиот објект на болницата „Филип Втори", со топлинската потстаница со термални пумпи вода/вода од 1,5 MW. Исто така, енергетските експерти од Австрија ги посетија и населбите Трнодол и Жданец како погодни локации за вакви мали системи.








По тој повод, денеска,  претставничката од МАНУ проф. Наташа Марковска во придружба со австриски експерт за енергетика Кристијан Дошекал, беа во работна посета кај градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.

На средбата се говореше за градежните санации на колективните згради, промената на азбесните покриви и други активности кои како добра пракса, на локално ниво ги спроведува општина Карпош, додека пак, во Австрија ги спроведува централната власт.

Во оваа пригода, гостите изразија висока подготвеност за соработка, откако претходно ги посетија одредените локации низ Општина Карпош и се уверија во високиот процент на реализирани активности. Тие, на градоначалникот Јакимовски му ги пренесоа своите импресии и ги напоменаа придобивките од процесот на реализација на малите мрежи за повеќе објекти кои ќе се греат на обновливи извори на енергија.

# НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ЗА НАЈМАЛИТЕ КАРПОШАНИ

Шаренилото ги развесели детските лица од Карпош 1. Постоечкото, но, сега веќе целосно обновено детско игралиште, денеска официјално беше пуштено во употреба, по само седум дена константна работа, а фирмата изведувач е „Лапласт М". Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски ги поздрави присутните и го прогласи овој ден како ден на кој за ова игралиште започнува пролетта.

- Ова е детско игралиште кое е направено уште во 1992 година и после 15 години целосно го реконструираме и го ставаме на располагање на нашите најмлади жители на Карпош 1 и Карпош 2. Не постои ниту едно детско игралиште на територија на Општина Карпош коешто Општината има намера да го поништи или било што друго да се направи на негово место, затоа што вакви простори има многу малку во нашата Општина, односно вклупно 56. Нив ги чуваме и ги браниме за нашите најмали жители. Ние сме прва Општина која започна да ги оградува овие детски игралишта и да ги ставаме под клуч, за да ги заштитиме од оние несовесни граѓани коишто, особено во раните утрински часови доаѓаат и ги оштетуваат реквизитите кои треба да им служат за разонода и релаксација на нашите најмлади жители – рече првиот човек на Општината кој упати апел до сите граѓани да се ангажираат и да се погрижат истите да останат во нова и употреблива состојба.

Градоначалникот Јакимовски напомена дека вкупните средства кои се издвојуваат од општинската каса за498 изградба или реконструкција на сите игралишта во локалната самоуправа се околу 150 илјади евра.

- Ова игралиште, кадешто заменети се сите реквизити, поставена е нова ограда и заменет е песокот, локалната самоуправа ја чинеше околу 450 илјади денари – заврши Јакимовски.

Замената на детски игралишта на територија на Општина Карпош, не завршува тука. Во наредниот период следи реконструкција на детски катчиња на улиците „Букурешка" во Тафталиџе 1 и „Варшавска" во Тафталиџе 2.







